35982



ИЛИЈА ПЕНУШЛИСКИ

# ЖИВЕАМ ОД СЛИКИТЕ

- **БЕЗ РАЗЛИКА ШТО МИ ПРЕЧАТ СИТЕ МИСТИФИКАЦИИ НА СЛИКАРСТВОТО, ЈАС СЕУШТЕ ВЕРУВАМ ВО НЕГОВАТА ВОЛШЕБНА МОЌ**
- **АКО ЖИВОТОТ Е ДАВАЊЕ И РАСПРОДАВАЊЕ, ТОГАШ НАЈМНОГУ МИ ОДГОВАРА ТОА ДА ГО ПРАВАМ СО ПОМОШ НА МОИТЕ СЛИКИ**
- **СЛИКАРСТВОТО ЧЕСТОПАТИ Е КАКО ЛАМЈА: ДУРИ ОТКАКО ЌЕ СИ ЈА ГРИЗНЕ ОПАШКАТА, ЌЕ ПОРАСНЕ**
- **ЈАС ОД СЛИКИТЕ ЖИВЕАМ, И НЕМАМ НИКАКВО ПРАВО ДА БИДАМ НЕКАКОВ СУПЕР СУДИЈА КОЈ ЌЕ ПРЕСУДУВА КОЈ ИМА ПРАВО ДА ИМА МОЈА СЛИКА**



СОПСТВЕНОТО СЛИКАРСТВО Е ПОГОЛЕМА ЕНИГМА И ПОМАЛКУ РАЗБИРЛИВА ТАЈНА ОД ШТО И ДА Е ДРУГО: ИЛИЈА ПЕНУШЛИСКИ

Винка САЗДОВА

**За Илија Пнушлински (1947) би можело да се рече дека е урбан сликар. И покрај тоа што ова врамување, докрај не би можело да биде издржано, тоа, сепак, значи дека тој на своите платна го слика и толкува светот во кој постои и живее. Светот што го изградил човекот и го нарекол свое живеалиште. И оној истиот свет, во кој, човек, би требало најдобро да се чувствува.**

Но, секој оној што ќе се исправи пред платната на Пенушлиски, ќе нема многу верба дека таа човечка креација, што би се нарекла град, е којзнае какво волшебно засолниште на човекот. Зашто сликите на Пенушлиски, со својата мистичност и мистериозност со што се обвиткани, најмалку нѐ уверуваат дека човекот и неговиот град се победници. Напротив. Напати се чини дека поголем демон од градот се чудните недопирливи и недокрај разјаснети магличести струења кои се далеку од моќта на човековата рака. А кои се објаснуваат со еден збор — природа.

## ● ГРАДОТ Е НАЈГОЛЕМА ДИВИНА

Зборувајќи за своето сликарство, Илија Пенушлиски, сепак, не сакајќи да се втурнува во некои мистификации и патетики, ја соопштува својата вистина. Во разговорот што го водевме, во неговото ателје, објаснува најнапред зошто секогаш му се навраќа на градот.

**— Факт е дека јас во градот најдобро се чувствувам, вели Пенушлиски. Без разлика на сѐ, за мене градот не е само некоја вештачка творба, туку битие кое кога ќе нарасне може да стане и дел од природата. Да се спои и судри со неа. Пуштете ја својата фантазија на слобода и замислете само: каде имате поголема дивина од градот, каде имате поголем простор за криенка. Во градот човек може и да се скрие како во пештера, а тој има нешто што во природата го нема. Во него луѓето поинаку се дружат, поинаку живеат. Чинам дека во градот човек не може да живее сам. Макар што се зборува за некоја отуѓеност, мене ми се чини дека во градот луѓето повеќе си требаат еден на друг.**

● *Гледајќи ги вашите слики човек не може да се ослободи од впечатокот дека вие, сепак, на градот не му припаѓате. Го сликате од далечина, и како да не сте во него?*

**— Да, тоа е точна опсервација. Веројатно, си има тоа свое психолошко објаснување. Знаете, сликарството е најмалку конкретна и допирлива материја. Мене дури ми се чини дека подобро можам да го објаснам туѓото, од сопственото сликарство. Зашто, сопственото сликарство е поголема енигма, и помалку разбирлива тајна од што и да е друго. Тоа доаѓа оттаму, што во процесот на сликањето се појавуваат толку непредвидливи нешта кои што не можат рационално да се протолкуваат. Тајната се состои во постојано трагање по несвесното. Тоа е битка во која никогаш не се знае кој ќе биде победник. Зашто, сликарството не е само инспирација, туку, честопати и ламја која дури откако ќе си ја гризне опашката ќе порасне. А знаете ли дека честопати процесот на сликање не е придружен со љубов и уживање, туку со омраза. Мене ми се чини, дека, дури откако на сликата ќе ѝ пријдам незаинтересирано откако ќе ја распарчам и уништам ќе ја — создадам.**



„МАГЛИ, ТВРДИНА", АКРИЛИК, 1986

## ● СЕУШТЕ ВЕРУВАМ ВО СЛИКАРСТВОТО

● *Многумина ви префрлаат дека во тематските определби премногу долго се повторувате. Дека сето она што го создавате во последните неколку години, е всушност, само една иста слика. Како ќе го осбјасните тоа?*

**— Сликата е парче од просторот што апстрактно се решава. Јас мислам дека темата сама по себе не го објаснува сликарот како сликар, не зборува за вредностите на неговите дела. Дури и најголемите светски сликари, па и нашиот Мартиновски, за кој јас мислам сите ние денес да се собереме заедно не би му биле рамни, целиот свој живот се навраќаат на една своја тема. Тоа е сликарскиот свет, во кој мора да има сон — идеја, но мора да има и естетика, став кон животот. За мене всушност, нема ништо попогрешно отколку да се побегне од својот свет. И затоа не ми е грижа што мислат за мене. Зашто, макар што ми пречат сите тези за сликарството, јас знам дека тоа е најдобриот дел од мене. И, без разлика што не сакам тоа да си го признаам честопати јас сеуште верувам во неговата волшебна моќ.**

● *Вие цели 17 години се бавите со сликарство, а дури лани ја имавте првата самостојна изложба на слики. Зошто толку доцна настапивте пред јавноста?*

**— Можеби е тоа грешка, но, во принцип јас не сум многу „луд"по изложби. А, можеби е во прашање и суетата, на која никој од нас творците не е имун. Зошто, се случува да насликаш 30 слики и само што ќе помислиш дека е време тој свој дел од себе да го дадеш на судот на јавноста, да се појави 31-та слика која сѐ ќе поремети. И пак ќе се обидеш да ги насликаш следните 30 слики... и така сѐ одново.**

## ● ОД СЛИКИТЕ ЖИВЕАМ

● *Вие сте еден од ретките автори кај нас кој се „осмелил" од самиот почеток да биде слободен уметник. Кажете ми, може ли да се живее од сликите?*

**— Да, јас само од нив живеам. Знаете, тоа е мој личен избор, и затоа ми пречат сите сожалувања на таа тема. Точно е дека има тука многу недоследности, но, јас не би можел да замислам да живеам поинаку. Зошто ,ако животот е повеќе или помалку давање и распродавање тогаш најмногу ми одговара тоа да го правам со помош на моите слики. Така сум искрен кон себе, а и кон останатите. Без разлика кој што заслужил.**

● *Дали ви е сеедно кому му ги продавате своите слики?*

**— Сосем ми е сеедно. Знаете, мене ми пречат тие патетични ноти за слика — свое дете и што ли уште не. Та, јас од сликата живеам. И не можам да бидам некаков супер судија кој ќе пресудува кој би го имал правото да поседува моја слика. Кое е тоа етичко и морално право кое би ми дозволило мене луѓето да ги делам на две категории: на оние што „заслужуваат" да имаат моја слика, и оние кои тоа не го заслужуваат. Тоа е за мене апсурд.**

● *Интересно е дека на многу свои поранешни слики не се потпишувавте, или, ако тоа го сторевте, тоа беа само иницијали. Зошто?*

**— Да, тоа е точно. Јас знам дека потписот е многу значајна работа, зашто, ако не биде разбран како фирма, тој може да биде ликовен знак кој ја надополнува сликата. Но, што знам, мене тоа не ми значи нешто. Верувале или не, во последно време се потпишувам, само зошто купувачите тоа го бараат од мене.**

● *Забележително е дека средната генерација македонски сликари на која вие ѝ припаѓате, во последно време сѐ повеќе е свртена кон светот. Отвора изложби во странство, барајќи таму место под сонцето. Што е тоа, желба за афирмација, или трка по пари?*

**— Веројатно и двете. Не е тоа некоја желба за збогатување, но, напросто човек мора да размислува за една посигурна иднина. Зашто, факт е дека кај нас нема никаква корист од изложбите, а непобитна вистина е дека тука театарот го финансира општеството, а ателјето го финансирам јас самиот. Книгата ја печати општеството, а сликата ја печатам јас. И затоа нема ништо чудно што сликарите „бегаат" во светот.**